РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08- 168/1
29. 07. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 67 седница одржана на 16.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Социолошки науки - Социологија на општествени промени", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко - правни истражувања – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје

1. Се акредитира студиската програма „Социолошки науки - Социологија на општествени промени", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко - правни истражувања – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на Социолошки науки /во меѓународен промет академски назив: PhD in Sociology Science.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.06 Социолошки науки - Социологија на општествени промени, Научно - истражувачко област: 5.04.00.01 Социологија, 5.04.00.13 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Петар Атанасов, проф. д-р Ружица Цацановска, проф. д-р Ганка Цветанова, проф. д-р Славејко Сасајковски.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 03-1151/1 од 30.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Социолошки науки - Социологија на општествени промени", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко - правни истражувања – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-65/1 од 27.01.2026 година (наш бр. 08 - 168/1 од 27.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 168/6 од 22.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 67-та седница одржана на 16.07.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков